IPA II Cross-Border Cooperation Programme
SERBIA - NORTH MACEDONIA
Good friends, new opportunities
Republic of Serbia
Republic of North Macedonia
This Program is financed by the EU

# ОПИС НА РАБОТНИ ЗАДАЧИ

на

консултант (експерт) за подготовка на документ ***– Водич и одржување на еднодневен тренинг по мерка за потенцијалните членови и вработени во енергетските задруги на тема „Како да се започне: Градење на иницијатива и улогата на енергетските задруги во прекуграничниот регион“*** – со фокус на: национални и европски директиви за енергетски задруги, стратегии, политики, рамки и вмрежување

*Скопје, 25 јули 2024*

Green Energy - Fostering social entrepreneurship by establishing pilot energy cooperatives in the cross-border region

This project is implemented by:

CeProSARD

This project is co-funded by the European Union

**Здружението Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој – ЦеПроСАРД за потребите од спроведување на проектот „Зелена енергија - Поттикнување на социјалното претприемништво преку формирање пилот енергетски задруги во прекуграничниот регион", Ве поканува за доставување на понуда за подготовка на документ – Водич и одржување на еднодневен тренинг по мерка за потенцијалните членови и вработени во енергетските задруги на тема „Како да се започне: Градење на иницијатива и улогата на енергетските задруги во прекуграничниот регион"**

## 1. ЗА ПРОЕКТОТ

### „Зелена енергија - Поттикнување на социјалното претприемништво преку формирање пилот енергетски задруги во прекуграничниот регион"

Проектот **„Зелена енергија - Поттикнување на социјалното претприемништво преку формирање пилот енергетски задруги во прекуграничниот регион"** има за **цел** да се зајакнат добрососедските односи и соработката во секторот на зелена енергија за развој на социјално претприемништво преку основање на енергетски задруги во прекуграничниот регион. Специфична цел на проектот е подигнување на капацитетите и знаењето, како и создавање на нови можности за вработување преку основање на енергетски задруги во прекуграничниот регион.

Специфичната цел ќе се постигне преку спроведување на одржливи пристапи за зголемување на капацитетите и знаењето на соодветната целна група и крајни корисници преку обуки по мерка, работилници и споделување на искуства и најдобри практики од европските земји, како и примена на иновативни пристапи за основање на нови енергетски задруги во прекуграничниот регион и создавање на нови работни места за млади и долготрајно невработени лица.

**Целни групи и крајни корисници** се [а] органите за локална самоуправа, [б] национални и регионални претпријатија, [в] секторот на граѓанското општество, [г] корисниците на општинските згради (училишта) и [д] локалното население.

**Резултати** на проектот:

1) Идентификувани меѓусекторски капацитети и интерес за соработка во формирање на енергетски задруги и развој на социјално претприемништво, со добиени препораки;
2) Креирани нови модели на соработка (енергетски задруги) и нови вработувања;
3) Зголемено знаење и капацитети на граѓанските организации, бизнис секторот и локалните власти и пренесено знаење, искуство и најдобри практики на ЕУ;
4) Подигната јавна свест за развој на социјалното претприемништво преку воспоставување нов модел на соработка - енергетски задруги

Проектот е финансиран од Европската Унија, претставувана од Министерство за Финансии на Република Србија, сектор за договори и финансирање на програми од средства на Европската Унија во времетраење од 16 месеци (17 јуни 2023 – 16 октомври 2024 година).

Проектот се имплементира од страна на Општина Медвеѓа, Република Србија, Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој" – ЦеПроСАРД и Општина Бутел, Република Северна Македонија.

## 2. ЦЕЛ НА БАРАЊЕТО ЗА ПОНУДА

Прилагодената обука е дизајнирана да одговори на специфичните потреби на потенцијалните членови и вработени во новоформираните енергетските задруги во прекуграничен регион. Целта е да се изградат нивните капацитети за иницирање и ефективно управување со енергетските задруги, осигурувајќи дека тие се добро запознаени со националните и европските директиви, стратегии, политики и рамки. Обуката исто така ја нагласува важноста од вмрежување меѓу засегнатите страни за да се постигнат одржливи резултати. Главната цел со ангажманот на двајца експерти од областа е да се креира документ - *Водич* и да се *спроведе еднодневен тренинг по мерка* за потенцијалните членови и вработени во енергетските задруги на тема „Како да се започне: Градење на иницијатива и улогата на енергетските задруги во прекуграничниот регион" – со фокус на: национални и европски директиви за енергетски задруги, стратегии, политики, рамки и вмрежување. Водичот и обуката по мерка ќе придонесат кон исполнување на класерот активности 3 – Споделување на искуството од европската унија - Зголемување на знаењето и капацитетите на граѓанските организации, бизнис секторот и локалните власти преку трансфер на знаење, искуство и најдобри практики од ЕУ, под-активност А3.1. *Еднодневен тренинг по мерка за потенцијалните членови и вработени во енергетските задруги на тема „Како да се започне: Градење на иницијатива и улогата на енергетските задруги во прекуграничниот регион" – со фокус на: национални и европски директиви за енергетски задруги, стратегии, политики, рамки и вмрежување*. Накратко, подготовката на Водичот и прилагодената обука за обука се клучни за едукација на потенцијалните членови и вработени во енергетските задруги и нивно обезбедување со потребните знаења и вештини за ефикасно иницирање и раководење на активностите во енергетските задруги. Овој структуриран пристап цели учесниците да бидат подготвени да се навигираат низ правните регулативи, да го разберат концептот и функционирањето на енергетските задруги, да комуницираат со засегнати чинители и да имплементираат одржливи практики во работењето.

Документот и тренингот по мерка ќе бидат подготвени и спроведени од двајца консултанти – експерти кои заеднички ќе работат на оваа активност.

## 3. ОПИС НА РАБОТНИ ЗАДАЧИ

Ангажираниот консултант/ка ќе биде одговорен/на за следните задачи:

[1] изработка на текст / содржина за документ – Водич

Подготовка на содржина за Водич наменет *за потенцијалните членови и вработени во новоформираните енергетски задруги на тема „Како да се започне: Градење на иницијатива и улогата на енергетските задруги во прекуграничниот регион“* – со фокус на: национални и европски директиви за енергетски задруги, стратегии, политики, рамки и вмрежување. По изготвувањето на Водичот, консултантите ќе одржат еднодневна обука по мерка, следејќи ја содржината на Водичот.

Консултантите треба заеднички да креираат предлог содржина која ќе ги опфати сите теми на планираната обука по мерка. По финализирање на предлогот за содржина, предлог-упатството треба да биде испратено до проектниот тим на одобрување, пред изработката на целокупниот детален текст на документот. Документот треба да биде лесен за читање и разбирање и треба да содржи 30 страници во формат на страница А4 (една страница од 1800 знаци со празни места и проред 1.15); да содржи табела со содржина; Табела со нумерирани слики, табели и графикони, како и листа на користена литература и извори (дигитална или литература). Искористените слики треба да бидат во сопственост на ангажираните експерти или да се наведе нивниот извор за да се почитуваат авторските права.

[2] Подготовка и одржување на еднодневен тренинг согласно содржината на Водичиот

По изработка на Водичот, консултантот во соработка со другиот експерт, треба да одржат еднодневен тренинг по мерка на потенцијалните членови и вработени во енергетската задруга и други лица кои (ин)директно ќе бидат инволвирани во процесот на функционирање на новоформираните енергетски задруги. Тренингот ќе биде реализиран во градот Скопје, а ангажираниот консултант треба да подготви PPT презентација и соодветни материјали за тренингот.

## 4. ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ЕКСПЕРТИ

- Завршено високо универзитетско образование од општествени науки (економија, менаџмент) или технички струки – електро инженер;
- Завршен втор и/или трет циклус на студии ќе се смета за предност;
- Најмалку 10 години работно искуство во областа;
- Познавање на национални и меѓународни правни рамки од областа на енергетиката;
- Познавање на принципите на работа на енергетските задруги и состојбата во РСМ и регионот;
- Предходно искуство на изработка документи од слична природа на ЕУ финансирани проекти и/или проекти од останати донатори
- Предходно искуство во одржување на обуки/тренинзи/работилници/настани

## 5. ВРЕМЕНСКА РАМКА и НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Ангажираниот консултант за изработка на Водич и одржување на еднодневен тренинг по мерка треба да ги спроведе работните задачи за 7 работни дена во периодот **08.08.2024 – 20.09.2024**

Исплатата ќе биде извршена во национална валута, по завршување на задачите и нивно одобрување од страна на проектот Зелена Енергија. Целосно плаќање ќе биде извршено по испраќање и одобрување на следните аутпути: Изработен Водич и одржан еднодневен тренинг по мерка.

## 6. ДОГОВОР ЗА ИЗВРШУВАЊЕ УСЛУГИ

Оваа работна задача опфаќа еден Договор за извршување на услуга. Проектот „Зелена енергија - Поттикнување на социјалното претприемништво преку формирање пилот енергетски задруги во прекуграничниот регион" наложува целосна одговорност за доставување на договорените аутпути до проектниот менаџер во предвидениот рок.

## 7. КОМУНИКАЦИЈА

За сите прашања, Ве молиме користете ги приложените *контакт информации и протоколот* за службено комуницирање со проектниот тим.

## 8. ПРАВНИ И ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА

Комплетен пакет со правна документација е: биографија на експертот со соодветно портфолио, Договор за извршување услуги и документ со опис на работните задачи.

Проектот „Зелена енергија - Поттикнување на социјалното претприемништво преку формирање пилот енергетски задруги во прекуграничниот регион" ќе обезбеди официјален *Договор за извршување услуга* како посебен документ кој треба да се потпише од двете страни и ќе биде службено заверен, во три примероци – два за организацијата и еден за ангажираниот консултант. Интелектуалната сопственост на доставените документи во целост ќе припадне на проектот „Зелена енергија - Поттикнување на социјалното претприемништво преку формирање пилот енергетски задруги во прекуграничниот регион" – правата за копирање како и официјалното право за публикување. Плаќањата ќе бидат реализирани според условите на важечкиот *Договор за извршување услуги.*

## 9. ПОСТАПКА И ПРАВИЛА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РОК И ИЗБОР

Овој повик за консултант е направен согласно **Отворен повик на веб-страницата** на ЦеПроСАРД.
Секој што ги исполнува потребните квалификации може да се пријави со одговор на ова барање за понуда на овој повик на: info@ceprosard.org.mk / tea.teveva@ceprosard.org.mk

со **назнака**: **Одговор на барање за понуда – Изработка на водич и реализација на обука по мерка**

или во канцеларијата на ЦеПроСАРД на адреса ул. 1550 бр. 8а, Индустриска зона Визбегово, 1000 Скопје (08:00 – 16:00)

**со доставување на следнава документација**:

1) Професионална биографија (CV)
2) Писмо на интерес
3) Финансиска понуда за услугата

**Краен рок за доставување на апликациите е 06 август 2024 година, најдоцна до 16:00 часот.**

Пристигнатите апликации ќе бидат евалуирани од страна на интерна комисија за набавки на ЗГ ЦеПроСАРД согласно критериумот најниска цена.
Апликациите кои ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се доставени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.
За прашања поврзани со повикот може да нè контактирате на е-маил адреса: info@ceprosard.org.mk, најдоцна до 01.08.2024 година.